# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 31.05.2022 ГОДИНА<br>БРОЈ 6 ГОДИНА 2022<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

1. Се прогласува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година., што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 30.05.2022 година.

2. Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-666/2
31.05.2022 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/2002), член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ''бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21), член 17 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на општина Кривогаштани'' бр.3/11, 14/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на 30.05.2022 година донесе :

**ОДЛУКА**
**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | | |
| **E00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 425990 Други договорни услуги | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426310 Семинари и конференции | **100.000** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **EA КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА** | | | | | |
| 486110 Купување на моторни возила | **600.000** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JN УРБАНА ОПРЕМА ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | | |
| 480190 Купување на друга опрема | **300.000** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 425760 Превозни услуги во образованието | **300.000** | 0 | -20000 | 0 | 0 |
| 426410 Објавување на огласи | | **0** | **20000** | **0** | **0** |
| **W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | | |
| 423990 Други материјали | **110.000** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| JIA КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОД | | | | | |
| 482320 Изградба на пречестителни станици и кол | **-1610.000** | 0 | 0 | 0 | 0 |

Бр.08-638/3
30.05.2022 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година, што Советот на Општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 30.05.2022 година.

2. Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-666/3 Градоначалник на
31.05.2022 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/2002) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 30.05.2022 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на 30.05.2022 година, го разгледа Кварталниот извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година и донесе Заклучок за негово усвојување.

Бр.08-638/4 Претседател на Совет
30.05.2022 год. на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

**ПРИЛОГ: Квартален извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Програма за активностите на Општина Кривогаштани во областа на заштитата и спасувањето за 2022 год.**

1. Се прогласува Програмата за активностите на Општина Кривогаштани во областа на заштитата и спасувањето за 2022 год., што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 30.05.2022 година.

2. Програмата за активностите на Општина Кривогаштани во областа на заштитата и спасувањето за 2022 год, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-666/4
31.05.2022 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 34 и 123 став 4 од Законот за заштита и спасување ( ,, Службен весник на РМ,, бр.93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18; 82/20; 215/21), член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ( ,, Службен весник на РМ,, бр.05/02), и член 15 став 1 точка 10 и 11 и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани (,, Службен гласник на општина Кривогаштани,, бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19,,) Советот на Општина Кривогаштани на седницата на 30.05.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Кривогаштани во областа на заштитата и спасувањето за 2022 год.**

1.Вовед

Со оваа програма се остваруваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби општина Кривогаштани овие активности ќе ги остварува преку:

- Општинскиот штаб за заштита и спасување,
- Универзалната едниница за заштита и спасување,
- ТППЕ Кривогаштани
- Соработка со ДЗС ПО Прилеп

2.Цели

Основни цели на програмата за активностите на Општина Кривогаштани во обласа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита се:

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, поплави, пожари на отворен простор и во населените места и др.,
- Заштита и спасување на луѓето и животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи,
- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра,
- Обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожарот и други видови на непогоди,
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување и противпожарна заштита.

3.Активности

За реализација и остварување на оваа Програма, активностите на општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасување како и заштита и спасување во услови на разни видови непогоди, кризни појави и други несреќи. Активностите ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки реализирани, а ќе се остваруваат преку:

- Територијалната противпожарна единица која дејствува на територијата на Општина Кривогаштани, согласност Законот за пожарникарството по потреба ќе покрива и на подрачјата на соседните општини Крушево и Долнени;
- Штабот за заштита и спасување,
- Универзална единица за заштита и спасување и
- Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Кривогаштани,
- заедничките интереси и активности во овие области, кои претставуваат активности од јавен интерес.

4.Финансирање

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на Република Северна Македонија;

- Средства од Буџетот на Општина Кривогаштани;

- Наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица на други општини

Распоредување на финансиските средства

| Ред.бр | Намена | Износ |
|---|---|---|
| 1 | Гориво и масла | 20 000 |
| 2 | Надоместоци за дневници | 40 000 |
| 3 | Набавка на заштитна опрема | 20 000 |
| 4 | Посетување на обуки | 20 000 |
| 5 | Други активности | 10 000 |
| | Вкупно | 110 000 |

За спроведување на оваа Програма за грижи Градоначалникот на Општина Кривогаштани во соработка со Општинскиот Штаб за заштита и спасување, Дирекција та за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и други надлежни органи и тела, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-638/5
30.05.2022 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Одлука за ажурирање на Планот за заштита и спасување по мерките за заштита и спасување на Општина Кривогаштани во делот на Универзалната единица за заштита и спасување**

1. Се прогласува Одлуката за ажурирање на Планот за заштита и спасување по мерките за заштита и спасување на Општина Кривогаштани во делот на Универзалната единица за заштита и спасување, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 30.05.2022 година.

2. Одлуката за ажурирање на Планот за заштита и спасување по мерките за заштита и спасување на Општина Кривогаштани во делот на Универзалната единица за заштита и спасување, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-666/5 — Градоначалник на
31.05.2022 год. — Општина Кривогаштани
Кривогаштани — Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (IСлужбен весник на Република Македонијав бр.05/2002 и ), член 10 од Законот за заштита и спасување (,, Службен Весник на Република Македонија,, бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18; 82/20; 215/21) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 30.05.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за ажурирање на Планот за заштита и спасување по мерките за заштита и спасување на Општина Кривогаштани во делот на Универзалната единица за заштита и спасување**

Член 1

Со оваа Одлука се ажурира Планот за заштита и спасување по мерките за заштита и спасување на Општина Кривогаштани во делот на персоналниот состав на Универзалната единица за заштита и спасување.

Член 2

Преглед на припадници на Универзалната единица за заштита и спасување е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-638/7 — Претседател на Совет
30.05.2022 год. — на Општина Кривогаштани

Кривогаштани Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на Согласност**
**на Годишната сметка на ЈП ''Пелагонија" Кривогаштани за 2021 г.**

1. Се прогласува Одлуката за давање на Согласност на Годишната сметка на ЈП ''Пелагонија" Кривогаштани за 2021 година, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 30.05.2022 година.

2. Одлуката за давање на Согласност на Годишната сметка на ЈП ''Пелагонија" Кривогаштани за 2021 г., ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-666/6 Градоначалник на
31.05.2022 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија ("Службен веник на РМ" бр. 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/2007; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ' бр. 5/2002), член 17 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на Општина Кривогаштани''бр. бр. 3/11, 17/14, 10/16 и 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата што ја одржа на ден 30.05.2022г. донесе:

**Одлука за давање на Согласност**
**на Годишната сметка на ЈП ''Пелагонија" Кривогаштани за 2021 година**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишната сметка на ЈП ’’Пелагонија,, Кривогаштани за 2021 година, која е усвоена со Одлука на Управен одбор на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани бр. 02-74/2 од 12.04.2022 г.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен Гласник на Општина Кривогаштани“.

Бр.08-638/8 Претседател на Совет
30.05.2022 год. на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2022 година**

1. Се прогласува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2022 година, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 30.05.2022 година.

2. Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2022 година, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 30.05.2022 година, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-666/7 Градоначалник на
31.05.2022 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

Врз основа на член 95 Закон за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15,193/15,226/15 и 31/16), член 22 став 1точка1 и член 36 став 1точка 6 од Законот за локална самоуправа ("(„Службен весник на Република Македонија 5/2002) и член 17 точка 7 од Статутот на општина Кривогаштани ("Службен гласник на општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/2016 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на 30.05.2022 година, донесе:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА 2022г.**

1. Се врши изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Кривогаштани за 2022 година број 08-1353/4 од 24.12.2021 година, 08-417/3 од 28.03.2022 година

2. Во Програма: ЈИ: ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, после Проект 4 се додава:

**Проект 5:** Санација на канализациона мрежа во с. Крушеани – делница А2-А3 во должина од 50м
**Вредност:** 1.000.000 денари
**Извор на финансирање:** ЕЛС Кривогаштани
**Вкупната вредност на Програмата не се менува (изворот на финасирање од АФПЗРР во проект 1 се намалива за 1.000.000 денари)**

**3.** Во Програма: ЈД: ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ, ВО Проект 1: Изработка на техничка документација, после зборовите„Обршани во должина од 300м„ се додаваат зборовите: **„и Кривогаштани во должина од 500м„**
**Вкупната вредност на Програмата не се менува**

Бр.08-638/9 | Претседател на Совет
30.05.2022 год. | на Општина Кривогаштани
Кривогаштани | Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Заклучок бр. 08-638/10 од 30.05.2022 година**

1. Се прогласува Заклучокот бр. 08-638/10 од 30.05.2022 година, што Советот на Општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 30.05.2022 година.

2. Заклучокот бр. 08-638/10 од 30.05.2022 година, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-666/8 Градоначалник на
31.05.2022 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/2002) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 30.05.2022 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на 30.05.2022 година ја разгледа состојбата со недостиг на инвентар-столици во салата за состаноци во Општина Кривогаштани и донесе заклучок да се задолжи Градоначалникот на општина Кривогаштани да изврши набавка на столици за потребите на Советот на Општина Кривогаштани.

Бр.08-638/10 Претседател на Совет
30.05.2022 год. на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

1. Се прогласува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година., што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 30.05.2022 година.

2. Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-666/9 Градоначалник на
31.05.2022 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

Врз основа на член бр.5/2002), член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ„бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 ), член 17 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр.3/11, 14/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на 30.05.2022 година донесе :

## ОДЛУКА

### За проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | | |
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 725939 Останати неданочни приходи | 0 | 3**00.000** | 0 | 0 | 0 |
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 425760 Превозни услуги во образование | 0 | **300.000** | 0 | 0 | 0 |

Бр.08-638/11 Претседател на Совет
30.05.2022 год. на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

**СОДРЖИНА**

**на акти донесени на 10-та седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 30.05.2022 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани на ден 31.05.2022 година**

1.Заклучок за прогласување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година……………………………………………………………1

-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година………………………………………………………………………………………………1

2. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2022 година (1 квартал)...................2

-Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2022 година (1 квартал)...........................................................3

3. Заклучок за прогласување на Програма за активностите на Општина Кривогаштани во областа на заштитата и спасувањето за 2022 година........................................................3

-Програма за активностите на Општина Кривогаштани во областа на заштитата и спасувањето за 2022 година..........................................................................................4

4. Заклучок за прогласување на Одлука за ажурирање на Планот за заштита и спасување по мерките за заштита и спасување на Општина Кривогаштани во делот на Универзалната единица за заштита и спасување................................................................6

-Одлука за ажурирање на Планот за заштита и спасување по мерките за заштита и спасување на Општина Кривогаштани во делот на Универзалната единица за заштита и спасување..................................................................................................................7

5. Заклучок за прогласување на Одлука за давање согласност на Годишна сметка на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани за 2021 година............................................................8

-Одлука за давање согласност на Годишна сметка на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани за 2021 година..................................................................................8

6. Заклучок за прогласување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2022 година...................................................................................................................9

-Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2022 година...................10

7. Заклучок за прогласување на Заклучок бр. 08-638/10 од 30.05.2022 година.......10

-Заклучок бр. 08-638/10 од 30.05.2022 година.......................................................11

8. Заклучок за прогласување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година...................................................................11

- Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година,.................................................................................................................12

ПРИЛОГ: Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2022 година (1 квартал)

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**